Government of Western Australia
Department of Health

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СНИМАЊЕ НА ДОЈКАТА

BreastScreen WA
WA's only accredited screening service

## Добредојдовте во одделението за снимање на дојката во WA…

**Ве молиме да ги прочитате овие важни информации за снимањето на дојката и да го пополните формуларот за согласност пред да го направите снимањето. Ако имате било какви прашања, вработените во ова одделение можат да ви помогнат. Ве молиме да запомните дека постапката може да се прекине во секое време.**

### Околу програмата за снимање на дојката

Целта на оваа програма е да ја намали смртноста од рак на дојката. Мамограмот (рентгенското снимање) засега е најдобриот начин за откривање на ракот на дојката додека е тој се уште многу мал за да може да се напипа. Колку побрзо се открие ракот на дојката, толку е поголема можноста за успешно лекување.

Програмата на BreastScreen WA е насочена на рано откривање на ракот на дојката. Промените видени на мамографската снимка кои не се сметаат за знак на рак на дојката не се бележат во наодот.

Досегашната медицинска статистика покажува дека ова снимање е најкорисно за жените од 50-74 годишна возраст. Можноста за заболување од рак на дојката се зголемува со возраста. Околу 70% од случаите на заболени од рак на дојката забележани се кај жените на 50-годишна возраст и постари. Редовното снимање може да ја намали смртноста кај овие жени за околу 30%. Мамографското снимање е помалу корисно за жените помлади од 50 години.

### Како се прави мамографското снимање?

**Ќе ве замолат да се соблечете до половината и ќе ви дадат наметка. Мамографската снимка ќе ја направи специјално обучен рентген-техничар.**

За време на снимањето дојката ќе ви биде притисната неколку секунди за да се добие чиста снимка. Ова може да биде непријатно чувство.

Обично се прават по две снимки од секоја дојка, но некогаш е потребно да се направат и повеќе.

### Кој ги разгледува мамографските снимки?

**Резултатите од мамографските снимки ќе бидат засновани на мислењето од најмалку двајца лекари специјалисти (радиолози) кои имаат големо искуство во читање снимки. Сите снимки се читаат поединечно. Доколку се случи првите двајца радиолози да не се согласуваат во мислењето, тогаш вашата снимка ќе ја прочита трет радиолог.**

### Што ако треба повторно да направам рендгенско снимање?

Во многу ретки случаи, радиологот може да побара повторување на рентгенското снимање, ако добиената слика не е доволно јасна. Ако е тоа потребно, ќе ви се јават по телефон или со писмо за да дојдете пак. Повторувањето на рентгенското снимање ќе се изврши на клиниката за рентгенско снимање.

### Известување за резултатите

**Повеќето жени ќе бидат со писмо известени дека се е во ред во рок од 14 дена. Не е невообичаено жената да биде повикана на понатамошни проверки. Ако е тоа потребно, медицинската сестра од одделението за снимање на дојката од BreastScreen WA**

**телефонски ќе ви се јави за да поразговара со вас за тоа. Во повеќето случаи, овие проверки нема да покажат некои проблеми кои ќе бараат понатамошни испитувања.**

На жените кои направиле снимање во градското подрачје ќе им биде понудено да дојдат во центарот за процена каде ќе се направат дополнителни снимки или други проверки, ако е тоа потребно.

За жените од внатрешноста што се снимале во подвижни центри, понатамошните мамографски снимки ќе бидат направени во подвижно комбе за ренгенско снимање.

**Забелешка:** BreastScreen WA ги задржува мамографските снимки заради споредување со понатамошни снимки.

**Колку е веродостоен мамограмот?**

**Мамографската снимка може да открие до 90% од случаите на рак на дојката. Некои видови на рак не може да се видат на мамографската снимка. Помладите жени и жените што примале хормонска терапија може да имаат погусто ткиво на дојката отколку постарите жени, а тоа може да го отежне препознавањето на ракот на мамографската снимка. Бидејќи кај помладите жени е потешко да се исклучи можноста за постоење на рак врз основа на мамографската снимка, може да биде потребно да се направат повеќе испитувања, вклучувајќи и биопсија.**

Исто така, мамографската снимка прво може да изгледа загрижувачки, но понатамошните испитувања да покажат дека не постои сериозен проблем.

Со мамографското снимање не може да се спречи појавата на рак на дојката, но со раното откривање можноста за успешно лекување е поголема.

**Дали мамографското снимање може да биде штетно?**

**Притискањето на дојката за време на снимањето понекогаш може да предизвика привремена преголема чувствителност или модринки. Ова не предизвикува долготрајни оштетувања на ткивото на дојката.**

За секое мамографско снимање се користи мала доза на радијација (зрачење). Досегашните наоди покажуваат дека опасноста од изложувањето на таа радијација е многу мала. Користите од мамографското снимање се многу поголеми од опасноста што произлегува од него.

На жените кои претпоставуваат дека може да се бремени не им се препорачува мамографско снимање. Ако постои таква можност, ве молиме да го известите рецепционистот или радиографот.

**Што ако имам грутка во дојката или друг проблем со дојката?**

Доколку сте забележале грутка во дојката, лачење на некоја течност од брадавицата, или некакви промени на дојката, ве молиме да го известите радиографот пред да ја направи мамографската снимка. Исто така е важно да појдете на преглед кај вашиот лекар и да му ги кажете знаците, иако мамографската снимка ви била уредна.

**Зошто треба да ви дадам поединости за мојот општ лекар?**

За да добиете најдобра нега, вашиот лекар треба да ги има сите податоци за вашето здравје. Ние сакаме да му ги испратиме на вашиот општ лекар резултатите од вашето мамографско снимање. Во периодот меѓу мамографските снимања важно е редовно да ги прегледувате дојките и да го известите вашиот лекар за било каква промена. Исто така ви препорачуваме да правите годишен преглед кај вашиот лекар.